**20180571066**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# РЕШЕНИЕ ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА РИБИ И РИБНИ ПРОИЗВОДИ ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ИНФЕКТИВНА ХЕМАТОПОЕЗНА НЕКРОЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА КОСОВО

Член 1

(1) Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на инфективна хематопоезна некроза се забранува увозот во Република Македонија на риби и рибни производи кои потекнуваат од Република Косово.

(2) Забраната од став (1) на овој член се применува на следните пратки:

1) живи риби кои се приемчиви на вирусот на инфективна хематопоезна некроза,

2) икра и рибен подмладок кој е приемчив на вирусот на инфективна хематопоезна некроза,

3) рибни производи добиени од риби кои се приемчиви на вирусот на инфективна хематопоезна некроза, освен:

- замрзнати пакувани рибни производи кои се наменети за малопродажба,
- рибни производи, стерилизирани во херметички садови на температура од 121°C во времетраење од најмалку 3,6 минути или друг термички третман со еквивалентно дејство кој го инактивира вирусот на инфективна хематопоезна некроза,
- рибни производи, пастеризирани на температура од 90°C во времетраење од најмалку 10 минути или друг термички третман со еквивалентно дејство кој го инактивира вирусот на инфективна хематопоезна некроза,
- евисцерирана риба, механички сушена на температура од 100°C во времетраење од најмалку 30 минути или друг термички третман со еквивалентно дејство кој го инактивира вирусот на инфективна хематопоезна некроза,
- природно сушена евисцерирана риба,
- рибино масло,
- рибино брашно и
- штавена рибина кожа.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1066/1
22 март 2018 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.